СТАРЕЦ ПОРФИРИЈ Е РОДЕН НА 7 ФЕВРУАРИ 1906 ГОДИНА НА ОСТРОВОТ ЕВБОЈА, А СЕ УПОКОИЛ НА 2 ДЕКЕМВРИ 1991 ГОДИНА ВО КЕЛИЈАТА НА СВЕТИ ГЕОРГИЈ ВО КАПСОКАЛИВИЈА, НА СВЕТА ГОРА.
ТОЈ Е УШТЕ ЕДЕН ОД ОНИЕ ДУХОВНИ ГИГАНТИ НА ПРАВОСЛАВНОТО ПОДВИ-ЖНИШТВО, БЕЗ КОИШТО СВЕТОТО ПРАВОСЛАВИЕ НЕ БИ БИЛО ТОА ШТО Е. ОД ПО-ЧЕТОКОТ ДО КРА-ЈОТ НА СВОЈОТ ЗЕМЕН ЖИВОТ ТОЈ ЈА СВЕДОЧЕШЕ ЉУБОВТА ХРИСТОВА, ЗА КОЈАШТО ВО ЕДЕН РАЗГОВОР СО СВОИТЕ ДУХОВНИ ДЕЦА, РЕЧЕ: „КОЈ Е ХРИСТОВ, ТОЈ МОРА ДА ГО ЗАСАКА ХРИСТА; А КОГА ЌЕ ГО ЗАСАКА, ТОГАШ СЕ ОСЛОБОДУВА ОД ЃАВОЛОТ, ОД ПЕКОЛОТ И ОД СМРТТА... ПРОБЛЕМ ПОСТОИ ДОДЕКА ХРИСТОС НЕ ДОЈДЕ ДА ЖИВЕЕ ДО ТЕБЕ - А ПОСЛЕ, ЗАЕДНО СО НЕГО, ЌЕ БИДЕШ НА СЕКОЕ МЕСТО. НАШАТА НЕВОЛЈА Е ВО ТОА ШТО ГО НЕМАМЕ ХРИСТА...“

# ГОСПОД ЗНАЕ ШТО ТИ Е НАЈПОТРЕБНО

„ЈАС ЖИВЕАМ ВО ТАКОВ ПОДВИГ. СЛОБОДНО КАЖЕТЕ ДЕКА СУМ ЛУД. КАЖЕТЕ ДЕКА ЗА ТОА НЕ СЕ ЗБОРУВА. ДЕКА ОНОЈ КОЈ СЕ ПОДВИЗУВА НЕ ЗБОРУВА ЗА ТОА, ТУКУ ЈА ПОВИКУВА БОЖЈАТА БЛАГОДАТ И ТАА МУ ПОМАГА. ДА, НО КОГА НЕКОЈ ЌЕ ПОЛУДИ, ТОЈ ЗБОРУВА. ПОСТОИ И ЛУДОССТ...“

За успешно решавање на сите проблеми Старецот ја препорачуваше молитвата. Ако некој се пожалеше на несоница - Старецот веднаш му го препишуваше лекот: молитва. Излечениот од несоница истовремено стекнуваше и нешто многу повозвишено: научуваше да се моли за сите свои проблеми.

(...) Во една прилика Старецот ми рече:

„Зошто Бог ни советува непрестајно да се молиме? Да не сака да ползиме пред Него? Не, Бог не го сака тоа. Он сака ние да имаме полза. Оти, кога непрекинато Го славиме, дење-ноќе, со својата слободна волја како ангелите, тогаш нашата душа наоѓа вистински спокој, бидејќи во тоа ја наоѓаме нашата вистинска полза.

(...) Го прашав Старецот: „Што е најдобро да барам во молитвата?“

„Ништо. Бог подобро од тебе знае што ти е најпотребно. Непрекинато изговарај ја Исусовата молитва.“

(...) Еден ден Старецот ми рече:

„Некаде постои електричен агрегат, а во оваа соба има светилка - па сепак, ако не го завртиме прекинувачот, ќе си останеме во мрак. Исто така постои Христос, а постои и нашата душа - сепак, ако не го свртиме прекинувачот на молитвата, душата нема да ја здогледа светлината Христова и ќе остане во мракот што му припаѓа на ѓаволот.



**Старец Порфириј**, цртеж, Малка Конеска

Старец Порфириј: Господ знае што ти е најпотребно / Премин, септември 2003 (страна 30)

(...) За многумина коишто не го познаваа поодблизу, Старецот беше „калуѓерот што пронаоѓа вода“. И навистина, што сè, со благодатта Божја, Старецот немаше пронајдено! Факт е дека со точност има пронајдено многу подземни извори и водени текови. Ги откриваше не само посетувајќи го местото туку и од голема оддалеченост, пренесувајќи се со духот „под земјата“ (Откр. 5, 3). Еднаш се пренесе со духот „под морето“ за да го открие под бродот којшто беше во движење богатството од еден некогаш потонат брод.

Својот чудесен дар на прозорливост и предвидување Старецот не го користеше за стекнување материјална корист ниту за да остави впечаток, односно да стекне слава. Тој се определи за тоа да остане сиромав и неугледен подвижник, како и сите светители на Црквата. Целиот живот немаше ништо. Иако беше парох на црквичка во центарот на Атина, го знаеја само мал број луѓе, бидејќи одбегнуваше да се истакнува. Никогаш не ги злоупотребуваше своите благодатни дарови, туку ги користеше заради духовната корист на луѓето и во „слава Божја“.

Еден ден Старецот го посети една Французинка. Остана долго во неговата келија, а кога излезе целата блескаше од радост. Но таа не знаеше ниту збор грчки. Старецот, пак, не знаеше ниту збор француски. На кој јазик се разбирале? Можеби на универзалниот јазик на љубовта, којшто Старецот го знаеше во најголема мера. Веројатно е таков јазикот на којшто луѓето ќе разговараат во Рајот.

Го запраша некој Старецот за кого да гласа на претстојните избори. Старецот му одговори сликовито:

„Православната Црква е како квачка: под своите крила ги чува и белите, и црните и жолтите... и пилињата од сите бои“.

Православната Црква не може да се политизира, не може да се стави на страната на некоја партија. Таа сите ги покрива со љубов, не поистоветувајќи се со ниту еден политички правец.

Психолошката заплетканост е најдобар материјал за ѓаволот. Тоа е најдобриот темел врз којшто тој си ја врши својата работа. Се користи со нашата тегобност во кризните моменти - во средиштето на нашата најголема болка - се нафрла врз нас со сета своја жестина, настојувајќи нашата мака да ја преобрати во богоборство и одбојност кон Бога; и ако е некако можно, да нѐ наговори да похулиме на Бога. А кутриот човек во тие мигови не знае што да прави. Се чувствува како да е заробен во некоја длабока визба со сè погуста темнина околу себе. И почнува да лелека и да удира со рацете по ѕидовите, а тоа не е излез. Излезот е да направиш некаква мала пукнатинка за да влезе малку светлинка и да видиш што има наоколу. Човек треба решително да се спротистави и да ја побара светлината, а не да се предава на очајот и да дозволи да биде однесен од стихијата.

**Не можеш да се спасиш само ти ако не се спасат и другите. Погрешно е било кој да се моли само за себе, односно за своето спасение. Треба да ги сакаме другите, светот... никој да не биде загубен. Тоа вреди.**

„Знаеш, чедо мое, не сме подготвени тогаш кога бараме од Бога да ни даде нешто, на пример смирение. Кога ќе созрееме, тогаш ќе ни го даде. Само треба очите на душата да ги држиме отворени, за да ја разбереме Неговата намера. Бог се крие во темнината. *Од темнината си направи Себеси покрив, живеалиште за Себе*, се вели во еден псалм (Пс. 18, 11).

Бог се сокрива Себеси за да ни го зачува смирението. Ни помага да правиме добрини, и се сокрива. Нѐ закрилува, само што ние тоа не го сфаќаме. Кога некој прави добро, станува едно со Него, и повеќе не може да прави зло. Дури и да сака - не може.

Не можеш да се спасиш само ти ако не се спасат и другите. Погрешно е кој и да е да се моли само за себе, односно за своето спасение. Треба да ги сакаме другите, светот... никој да не биде загубен. Тоа вреди.

Еден човек ми раскажуваше:

„Околу пладне, изморен од работата, одам кај жена ми дома, и отпочинувам.“ Слушаш ли, дете мое, слушаш ли? Оди кај неа ... разговараат ... и тој е одморен. Оти меѓу нив постоел пламенот на љубовта. Тоа е голема работа.

Имаме ли ние во себеси Божествена љубов кон Христос? Кога ние го правиме тоа: ако сме преморени, преку молитвата да одиме кај Него за да се одмориме? А ти ми велиш си се изморил од молитвата, од богослужбите. Тука нешто недостасува. Божјата љубов недостасува.

„Како да ја стекнеме, Старче?“

„Тоа не зависи од нашиот труд. Таа е дар Божји. Тој прв нè засакува ако Му се допаднеме. Нашиот труд и внатрешниот напор можат на нашата душа да ѝ донесат спротивен ефект: одбивност кон сè што е духовно.

„Па како тогаш Бог ќе нè засака?“

„За да нè засака Бог, потребно е нешто друго од наша страна. Да бидеме смирени, скрушени, да љубиме, да се молиме, да Го бараме Бога. Не е доволен нашиот труд и грижата околу секојдневните работи...“



**Старец Порфириј,** цртеж, Малка Конеска

**Христос се открива и се нуди само во Црквата, таму каде што луѓето - независно од своите гревови - меѓусебно се соединуваат и се сакаат, и тоа не на основа на своите способности, туку барајќи ја милоста и љубовта Христова. Љубовта Христова нè обзема сите нас. Таа нè прави еден организам и ни овозможува да заедниариме во богочовечкиот живот на Господ Христос. На тој начин - којшто е истовремено и единствен - ја надминуваме поделеноста и пропаста на гревот. Кулминацијата на оваа вистина е Светата Причест.**

## ТИ И ЈАС СМЕ ЕДНО

Честопати поклониците бараа од Старецот да се моли за нив и за нивните блиски, и Старецот секогаш ветуваше дека ќе го стори тоа. Во еден миг се запрашав: како Старецот може да запамети стотици имиња? Еден ден, додека разговаравме за молитвата, тој ненадејно се заврте кон мене и ми рече:

„Можеби се прашуваш како во молитвата се сеќавам на толку имиња. Јас сум грешен и слаб човек; и велам вака: ‘Господи, благослови го Георгиј, Никос, Марија, Катерина - оние имиња на кои се сеќавам - и сите оние што заповедаа да се молам за нив, а чии имиња ги заборавив“. А Бог, бидејќи Он не е отец Порфириј па да заборава, туку ги памети сите имиња, доаѓа и сите ги благословува’.“

„И како се молите Старче, во своите молитви за сите тие луѓе?“

„Еве! Најпрво велам: ‘Господи Исусе Христе, помилуј ме’.“

„Помилуј ме?! Па луѓето бараат да се молите за нив, а не за себе!“, извикав зачудено.

„Па добро, зарем ти не знаеш дека ако Бог не ме благослови мене, нема да те благослови ни тебе? Зарем не знаеш дека ти и јас сме едно? Во тоа чувство за нашето единство со другиот се крие тајната на духовниот живот во Христа.“


www.makpetrol.com.mk
МАКПЕТРОЛ
МАВРОВО
ХОТЕЛ МАКПЕТРОЛ
042 48 90 22; 48 92 83